# Медиумите и хип-хопот

Некои велат дека хип-хопот е како електрицитет, може да се употребува и позитивно и негативно. Медиумите се решија да се определат за второто. Ќе се обидам да објаснам зошто е тоа така кога тој се шири насекаде по светот, задржувајќи се во оваа точка стриктно на Македонија.

За да пишуваш за една култура, во овој случај за хип-хоп културата, треба доста да си запознаен со нејзиниот развој. Инаку како би го објаснил нејзиното минато, како би ја опишал сегашноста или кои тези би ги поставил за нејзината иднина. Меѓутоа, музичка литература и критика кај нас скоро и да нема. живееме во време во кое политиката опфаќа преку 80% од медиумскиот простор со многубројните афери и превирањата во политичките партии. Постоењето на медиумите е поттикнато од еден инстинкт - поголема продажба на пазарот, а сфаќањето на политиката како поле на бескрајна неискористеност на темите претпоставува добра заработка. Од друга страна хип-хоп културата во Македонија нема сили да обезбеди зголемување на популарноста на медиумите пред се затоа што бројот на нејзините следбеници можеби не е мал, но повеќето од нив се само делумно во неа, само кога се организираат хип-хоп забави или манифестации слични на нив, а во други ситуации не и посветуваат многу внимание. Од тука следува дека ако нема поголем интерес за неа, не би можело да и се посвети поголемо внимание во медиумите. Нејзината недоволна застапеност во нејзината вистинска смисла е најважната причина поради која што ја нема често во медиумите, а тоа со себе повлекува и други последици. Во отсуство на вистинска претстава за хип-хопот медиумите на свој начин ги толкуваат нејзините влијанија низ светот, па така од нив дознаваме дека некој рапер во алкохолизирана состојба пукал на доделувањето на Греми наградите, дека некој друг пред да стане познат бил дилер на дрога... не спомнувајќи притоа во какви места израснале истите лица.

Во недостиг од информации и квалификувани музички новинари ваквите претстави за хип-хопот уште долго време ќе наоѓаат место во медиумите создавајќи стереотипи дека тоа е насилна и агресивна, најблаго речено, бунтовна култура (самиот термин култура многу ретко се спомнува кога се зборува или пишува за хип-хоп). Поимите хип-хоп култура и рап музика се сметаат за една-иста појава.

Хипхоперите подлегнуваат на цензура во мас-медиумите поради експлицитните лирики и добиваат прекор за нивното непристојно однесување, а кажавме дека тие во нашата држава потекнуваат од побогатите слоеви и нивното воспитно образование е на повисоко ниво. И покрај нивното пристојно однесување тие не добиваат простор во медиумите. Зошто?

Одговорот ќе го најдеме во фактот што хип-хопот не е доволно организиран како култура. Распрскана по сите градови во Македонија, пред се во сите краеви на Скопје, нејзините следбеници се млади луѓе кои припаѓаат на повеќе социјални слоеви, традиционални или либерални семејства, од повеќе етнички групи... Сето тоа е тешко во ситуација кога социјално-општествените и

етничките разлики се преголеми за да можат луѓето од различни средини (колку и да е мала Македонија, таа е мултикултурна земја - под овој поим не мислам само на етничка разноликост) да се организираат. Тоа е една од последиците што ги носи комерцијализацијата на една култура - поделба помеѓу самите хипхопери и нивна меѓусебна нетрпеливост и неможност да се организираат.

Претставувањето на хип-хопот остана на ниски рамки кога станува збор за нашата земја. Но, колку е развиена македонската хип-хоп сцена? Кои се нејзините претставници - членови на некој општиски совет, студенти или средношколци, корумпирани политичари или чесни луѓе, општи работници на некоја градежна фирма или потенцијални ивеститори во нови бизнис проекти, или пак се невработени... Медиумите не треба да се обвинуваат. Ако самите луѓе што го сочинуваат хип-хопот не поведат сметка за нивно презентирање пред публиката, тогаш никој нема да го стори тоа во нивно име.

Од тука произлегува друго прашање. Медиумско презентирање, предавство? Не. Да не беа медиумите хип-хопот во овие моменти ке беше познат поим само во некои црнечки гета во САД.

# Политичка ориентација

Хип-хопот содржи повеќе димензии во себе - духовна, идеолошка, естетска... но кога станува збор за политичката димензија (нејзината платформа се остварува најпрво преку т.н. политички рап) би можеле да го оправдаме неговиот влез во оваа рамка како обид за поефикасно лобирање за реализација на целите кон кои се стремат неговите членови. Со нивното освестување дека сите патеки водат кон и почнуваат од политиката, а дека не можат да се конкретизираат идејните проекти само со вербални приговори кон власта, станува јасно дека наједноставен начин за остварување на своите цели е инфилтрација во неа.

Меѓутоа во Македонија младите хипхопери и покрај влегувањето во власта не успеваат да ги искористат своите познавања за оваа област. Тоа е трагично во ситуација кога политичките партии во своите агенди имаат празнини кога станува збор за темите кои се однесуваат на изградувањето на идентитетот на младите луѓе.

Ова го носи прашањето: дали воопшто постои плодна почва за постоење на политичка хип-хоп култура во македонското општество? Нејзините познавачи треба да се движат насекаде и да зборуваат со младината, да им ја пренесат пораката и да се запознаат со нивните проблеми за потоа преку институциите да ги реализираат нивните решенија. Но дали државата покрива настани кои третираат некои други области освен поп културата? Дали невладините организации се обидуваат да го направат тоа (да поддржат некој културен проект што се однесува на поткултурните појави и да се заложат за негов опстанок)? Не! Парадоксот е во тоа што токму тие се залагаат за поголеми граѓански права и полиберална социјална политика, но истите барања на хип-хоп културата на пример, не ги претопуваат во својот работен план туку едноставно ги неутрализираат не обрнувајќи им поголемо внимание. Голема штета е што ниту една институција не ги зема за сериозно овие нови движења, заборавајќи дека токму тие се носители на новиот општествен поредок кој што го увезуваме од Запад.

Плодна почва секако дека постои но немоќта преку неа да се влијае на политичкиот систем предизвикува индолентност кај хипхоперите и губење на нивниот интерес за активност на ова поле.

Хип-хопот е еластична култура. Политичкото презентирање не и е ново искуство - тоа го имаме веќе во САД, а нејзиното ангажирање во политиката почнуваат да го преземаат и европските земји. Но кога тоа ќе стигне и во Македонија? Дали прво треба да се реоформи политичкиот систем на одредено ниво за да може истиот во сопственото царство да вклучи нешто друго што не мора да го носи терминот политичко... пред себе. Кај нас политиката ги пушта прстите во останатите сфери на општеството правејќи политика од нив, но надвор од Македонија мешањето на политиката во неполитички ситуации е толку коректно што ја деполитизира самата политика, вклучувајќи во себе елементи од

сите области - економисти, спортски работници, хипхопери, социјални работници, елементи од поп културата итн.

Надвор од Македонија политиката е демократија. Затоа е потешко хип-хопот да се практикува тука во ситуација кога се помагаат само популарните проекти кои можат да бидат контролирани од долгата рака на власта.

*Извадок од книгата „Аспекти на македонската урбана култура - Хип Хоп Македонија“, од Александар и Славчо Ковилоски, издадена во 2005 година, во издание на Современост.*